**20232063608**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 56 ставот 1 точката 3, а во врска со членот 54 ставот1 точката 8 и членот 63-а, 63-б и 63-в од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 77/2021 и 285/2021), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 23.8.2023 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ ЦЕНИ НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА**

Член 1

Во Правилникот за утврдување начин и методологија за утврдување цени на ортопедски и други помагала („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130 од 27.6.2019 година), по членот 4, се додава нов член 4-а којшто гласи:

„Член 4-а

Основни критериуми за утврдување референтни цени на заботехнички и забнопротетички помагала се следните:

- Референтната цена со вклучен ДДВ на заботехничките и забнопротетичките помагала во референтните земји;
- Трошоци за изработка на заботехничките и забнопротетичките помагала на товар на Фондот, добиени од најмалку една јавна здравствена установа во Република Северна Македонија и
- Трошоците за изработка на заботехнички и забнопротетички помагала на товар на Фондот, добиени од Стоматолошката комора на Република Северна Македонија и Комората на приватното здравство.
- Трошоците за изработка на заботехнички и забнопротетички помагала вклучуваат: трошоци за изработка на заботехнички и забнопротетички помагала на товар на Фондот, труд на здравствениот работник кој го изработува заботехничкото и забнопротетичкото помагало (плата по Колективен договор за здравствениот работник), времетраењето на изработка на заботехничките и забнопротетичките помагала искажани во минути, трошоци за потрошен материјал, трошоци за тековно одржување на просториите и објектите, режиски трошоци.

Начинот на утврдување на сите горенаведени трошоци се утврдува согласно со Процедурата за утврдување референтни цени на заботехнички и забопротетички помагала.“

Член 2

По членот 5, се додава нов член 5-а којшто гласи:

„Член 5-а

Извори на податоци за утврдување на референтните цени на заботехничките и забнопротетичките помагала се:

- Последните објавени цени на официјалната веб-страница на надлежните органи во референтните земји: Република Словенија, Република Хрватска, Република Бугарија и Република Србија и
- Трошоци за изработка на заботехнички и забнопротетички помагала на товар на Фондот, утврдени во членот 4-а од овој Правилник.“

Член 3

По членот 8, се додава нов член 8-а којшто гласи:

„Член 8-а

Референтната цена на заботехничките и забнопротетичките помагала се утврдува со споредба на:

- најниската цена на истовидното помагало во референтните земји утврдени со Законот за здравственото осигурување,
- цената добиена врз база на анализа спроведена од податоците добиени од најмалку една јавна здравствена установа во Република Северна Македонија, Стоматолошката комора на Република Северна Македонија и Комората на приватното здравство, според податоци за трошоците утврдени во членот 4-а од овој Правилник.“

Како референтна цена се утврдува најниската од овие цени.“

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе се објави по добивањето согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-15653/8
24 август 2023 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
д-р **Bekim Pocesta,** с.р.